Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавна установа Академија за судии и јавни обвинители
Institucioni publik Akademija për gjykatës dhe prokuror publik
ПАВЕЛ ШАТЕВ-PAVELL SHATEV
Бр.-Nr. 02-61/5
24.01.2023 год.-viti
Скопје-Shkup

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ**
**ПАВЕЛ ШАТЕВ**

Врз основа на член 13 став 1 алинеја 12 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија", број 20/2015, 192/2015, 231/2015 и 163/2018), по предлог на Програмскиот совет, Управниот одбор на Академијата, на седницата одржана на 24.01.2023 година, утврди

# ОПШТА ПРОГРАМА ЗА КОНТИНУИРАНА ОБУКА НА СУДИИТЕ И ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ

## 2023-2024 година

ACJO
Академија за судии
и јавни обвинители

# Содржина

1. ВОВЕД ... 3
2. ЦЕЛ НА ОПШТАТА ПРОГРАМА ... 3
3. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ОПШТАТА ПРОГРАМА ЗА КОНТИНУИРАНА ОБУКА ... 4
3.1. Подготовка на Општата програма ... 4
3.2. Приоритети за обука ... 5
3.3. Финансирање на континуираната обука ... 6
3.4. Целни групи ... 6
3.5. Модули ... 7
3.6. Методологија ... 7
3.7. Предавачи ... 7
3.8. Материјали ... 8
3.9. Следење и евалуација ... 8
3.10. Учење на далечина ... 8
4. РЕАЛИЗАЦИЈА НА КОНТИНУИРАНАТА ОБУКА СПОРЕД ЦЕЛНИ ГРУПИ ... 9
4.1. Членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија и Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија ... 9
4.2. Судии на Врховниот суд на Република Северна Македонија и јавни обвинители во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија ... 10
4.3 Судии на апелационите судови ... 10
4.4 Јавни обвинители од вишите јавни обвинителства ... 11
4.5 Претседатели на судови и јавни обвинители на јавните обвинителства ... 12
4.6 Судии и јавни обвинители ... 13
4.6.1 КРИВИЧНО ПРАВО ... 13
*4.6.1.1 Кривичен законик* ... 13
*4.6.1.2 Закон за кривична постапка* ... 14
*4.6.1.3 Организиран криминал и корупција* ... 16
*4.6.1.4 Закон за меѓународна соработка во кривичната материја* ... 17
*4.6.1.5 Закон за правда за децата* ... 17
*4.6.1.6. Закон за извршување на санкциите* ... 18
*4.6.1.7 Кривични аспекти во постапката за извршување* ... 18
*4.6.1.8 Прекршочна постапка* ... 18
4.6.2 ГРАЃАНСКО ПРАВО ... 19
*4.6.2.1 Материјално право* ... *19*
ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ ... 21
ТРГОВСКО ПРАВО ... 22
4.6.2.2 Процесно право ... 23
4.6.3 УПРАВНО ПРАВО ... 25

*4.6.3.1 Теми за специјализирани судски оддели*......25

*4.6.3.2 Заеднички теми*......26

4.6.4 ОПШТИ ТЕМИ......26

4.6.5 ПРАВО НА ЕВРОПСКА УНИЈА И МЕЃУНАРОДНО ПРАВО......27

**ЕВРОПСКА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА (ЕКЧП) СО ПРОТОКОЛИТЕ И ПРАКСАТА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА (ЕСЧП)......29**

4.6.6 ОБУКИ ЗА НОВОИЗБРАНИ СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ......32

4.6.7 ОБУКА НА ОБУЧУВАЧИ......32

4.6.8 ОБУКА ЗА МЕНТОРИ......32

4.7 ОБУКА ЗА СУДИИ ПОРОТНИЦИ......33

**5. СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ......33**

**6. ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ......34**

**7. СОРАБОТКА СО НАЦИОНАЛНИ И МЕЃУНАРОДНИ ПРОЕКТИ И ПАРТНЕРИ......34**

**8. СТУДИСКИ ПАТУВАЊА......34**

**9. ПОДГОТОВКА НА КАТАЛОГ НА ОБУКИ......34**

**10. ЗАКЛУЧОК......35**

## 1. ВОВЕД

Изработувањето на Општата програма за континуирана обука на судии и јавни обвинители, (во понатамошниот текст: Општа програма) Академијата и понатаму продолжува да ја спроведува според современите меѓународни принципи и методи за обука, усвоени од страна на Советот на Европа, ЕУ и меѓународните мрежи за обука на правосудството (EJTN, IOJT), како и моделот на Програмата за континуирана обука подготвена од ИПА 2008, односно проектот „Натамошно јакнење на институционалните капацитети на Академијата за обука на судии и јавни обвинители," финансиран од Европската Комисија. Со оваа Општа програма, Академијата го имплементира Системот на контрола на квалитетот за програмата за континуирана обука, со која се воспоставуваат и наметнуваат стандарди со кои се подобрува подготовката, организацијата и спроведувањето на континуираната обука.
Општата програма претставува рамка за изработка на наставната содржина и каталогот на обуки и дава општи упатства за спроведувањето на обуките. Неа ја изготвува Програмскиот совет, а ја усвојува Управниот одбор на Академијата, согласно членовите 13 и 39 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на РМ" бр. 20/2015; 192/2015; 231/2015; 163/2018). Програмата за континуирана обука се изработува и имплементира во согласност со членовите 116 и 117 од истиот Закон.
Општата програма за континуирана обука на судии и јавни обвинители за периодот 2023– 2024 година, се однесува на главните области од правото по кои постапуваат судиите, јавните обвинители и другите целни групи, како и други области, поврзани со правосудната професија, а кои се од значење за развој на етичките и професионални стандарди за однесувањето на судиите и обвинителите, управувачките и комуникациските способности, употребата на ИТ технологии, како и развивање на способностите за примена на алтернативни начини за решавање на споровите.

## 2. ЦЕЛ НА ОПШТАТА ПРОГРАМА

Основна цел на Општата програма е да ги усоврши знаењето, вештините и професионализмот на судиите, јавните обвинители, претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства и да им овозможи стручно и ефикасно извршување на судиската и јавнообвинителската функција. Затоа, континуираната обука на судиите и јавните обвинители е од круцијална важност за јакнењето на правосудниот систем на РСМ.
Општата програма за континуирана обука се заснова на:

- Одредбите од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители;
- Одредбите од други закони кои ги пропишуваат структурата и функционирањето на правосудниот систем;
- Статутот на Академијата и нејзината институционална мисија и цели;
- Насоките и инструкциите на Управниот одбор и Програмскиот совет на Академијата; и
- Оценка на потребите на целните групи на Академијата, верификувани од повисоките судови и јавни обвинителства и Судскиот совет на РСМ и Советот на јавните обвинители на РСМ.

Крајна цел на Програмата е унапредување на ефикасноста и компетентноста на правосудниот систем, заснован на сите меѓународни стандарди за независно и ефикасно правосудство, сервисно ориентирано и насочено кон остварување целосна заштита на човековите права и слободи и владеењето на правото.

Општата програма е насочена кон:

- организирање задолжителни тематски обуки за судиите и јавните обвинители, согласно правната област на која работат, како и за претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства и за други целни групи;
- континуиран професионален развој на судиите и јавните обвинители и останатите целни групи;
- остварување и одржување соработка со национални и меѓународни проекти и партнери.

При креирање на општата програма, АСЈО редовно ги зема предвид и препораките од Извештајот на Оценската мисија на TAIEX во областа на судската обука односно мисијата за оценка и анализа на функционирање на АСЈО, која беше спроведена од 23 до 26 април 2018 година.

## 3. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ОПШТАТА ПРОГРАМА ЗА КОНТИНУИРАНА ОБУКА

### 3.1. Подготовка на Општата програма

Општата програма е изработена преку спроведување систематска и сеопфатна пишана методологија за Оценка на потребите за обука (ОПО). Оценката на потребите за обука има аналитичка и консултативна природа. За да се креира соодветна наставна содржина која ќе одговара на најновите измени во законодавството и праксата, а воедно и потребите на секоја од целните групи, Академијата предвид го има следново (редоследот во списокот не е направен по важност):

- Специјално изработената методологија на Академијата за спроведување на Оценката на потребите за обука, со која е воспоставен систематски годишен и континуиран процес на оценка на потребите за обука;
- Преглед на праксата на Европскиот суд за човекови права поврзана со Република Северна Македонија;
- Преглед на измените во материјалното и процесното законодавство и промени кои влијаат на потребите за обука;
- Прашалниците за евалуација, пополнети од страна на целните групи;
- Националната програма за усвојување на *Acquis Communautaire;*
- Функционалната анализа која беше изготвена од страна на Центарот за правни истражувања и анализа со поддршка на Амбасадата на Велика Британија;
- Препораките од меѓународните организации за исполнување определени стандарди насочени кон подобрување на состојбата во судството, особено Извештајот за напредок на ЕК, ГРЕКО, ЦЦЈЕ, ЦЕПЕЖ и др.;
- Истражувањето кое го спроведе Мисијата на ОБСЕ со кое беше опфатено целокупното работење на Академијата;
- Информации и предлози на теми, добиени во писмена институционална форма, за потребите за обука на целните групи, од страна на другите претставници на правосудната професија (коморите на адвокатите, нотарите, извршителите, медијаторите, државни органи, институции, невладиниот сектор, меѓународните организации и други субјекти кои ги спроведуваат законите во областа на правосудството);
- Предлози на теми доставени од предавачите на Академијата, по спроведена обука;
- Предлози од судовите и јавните обвинителства по доставени дописи од Академијата.

Исто така, Академијата за судии и јавни обвинители започна со обиди за пософистицирана евалуација на обуките и тоа преку продлабочена анализа на наученото од обуките (на пр. имплементација на новелите кои ги добиваме од ЕСЧП во одредена правна материја) и истата се стреми кон оценување на веродостојноста на спроведените обуки преку анализа на самото практично работење на судиите и јавните обвинители.

### 3.2. <u>Приоритети за обука</u>

За постигнување на главната цел на Општата програма, при подготовката на Каталогот на обуки предвид се земаат областите во кои постои приоритет за обука и фокусот е на најважните области од правото, како што се измените на домашната легислатива, меѓународната легислатива и легислативата на Европската унија и судската пракса, начелата на ЕКЧП и праксата на Европскиот суд за човекови права, како и обуки за

комплементарни вештини (софт скилс). Особен акцент ќе биде ставен на обуки за измените и дополнувањата на Законот за парнична постапка, на Кривичниот законик и Законот за кривична постапка, обуки за борба против организираниот криминал и корупцијата и финансискиот криминал, конфискација, етика и судир на интереси, примена на Европската конвенција за човекови права, одделни области од правото на ЕУ итн. Обуките за развој на комплементарни вештини, ќе опфатат техники на пишување одлуки, образложување на одлуките, вештини за управување со предметите, времето (кејс менаџмент), примена на алтернативни начини за решавање на случаите, медијација, однесување во судница и во судот, техники на интервјуирање и испитување, особено на ранливи групи и категории (малолетници, жртви на семејно насилство), комуникациски способности и односи со медиумите, употреба на ИТ технологии, правно пребарување, користење на базите на пресуди на ЕСЧП (ХУДОК), регионалната база на АИРЕ со преку 370 преведени пресуди од ЕСЧП, на јазиците на регионот и на ЕСП и оспособување за користење на модулите за електронско учење.

Врз база на потпишаниот Меморандум за соработка помеѓу Министерството за информатичко општество, Министерството за правда и Академијата, еден од приоритетите во наредниот период ќе биде организација на обуки за имплементација на Законот за општа управна постапка и Законот за управните спорови во насока на зајакнување на капацитетите на јавната администрација и управното правосудство за нивна соодветна примена.

### 3.3. Финансирање на континуираната обука

Општата програма ќе се реализира и финансира со средства од Буџетот на Република Северна Македонија, а според приоритетите и потребите на судиите и јавните обвинителите. Воедно, ќе се настојува за реализација на дел од Програмата да се обезбедат средства преку соработка со меѓународни организации и проекти.

### 3.4. Целни групи

Програмата е наменета првенствено за целните групи кои имаат законска обврска за континуирана обука, за постојните судии и јавни обвинители, претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства, како и за судии поротници и судии и јавни обвинители кои ќе бидат избрани во текот на 2023 и 2024 година.

Покрај нив, целни групи опфатени со Програмата се и субјектите кои учествуваат во спроведувањето на законите од областа на правосудството (вработени во

Министерството за правда, адвокати, нотари, извршители, медијатори, претставници на надлежни министерства, институции, агенции, дирекции и комисии).

Целна група претставуваат и предавачите во континуирана обука и менторите во почетна обука за кои ќе се организираат обуки на обучувачи за да се гарантира ефикасен процес на учење со фокус на начелата за учење на возрасни, методи, техники и алатки за правилно осмислување и спроведување на обуките.

### 3.5. Модули

Програмата е составена од неколку модули кои опфаќаат општи теми, практични искуства во примената на законските решенија, новините во материјалното и процесното законодавство и пракса од основните области на правото (кривично, граѓанско, трговско, управно, како и меѓународно право и право на Европската унија, одделни членови на Европската Конвенција за човекови права), а со цел судиите и обвинителите да стекнат и развиваат не само основни професионални правни знаења и инструкции за толкување и примена на прописите, туку и комплементарни вештини потребни за вршење на судиската односно обвинителската функција и директна примена на меѓународните документи.

Модулите кои се однесуваат на материјалното и процесното право се фокусирани на секојдневната практична работа на судиите и обвинителите, пред сѐ преку анализа на практични случаи, изработка на акти, пресуди, обвинителски акти и слично. Воедно, поради актуелноста, тие опфаќаат и одредени теоретски прашања, како и запознавање со најновите научни и стручни достигнувања во областа на националното, меѓународното право и правото на ЕУ.

### 3.6. Методологија

Општата програма за континуирана обука ќе се реализира преку голем број разновидни настани, кои внимателно се избираат во согласност со потребите на целните групи и природата на темата која се обработува во обуката во вид на советувања (централизирано и децентрализирано), конференции, работилници, учење на далечина, тркалезни маси, дебати за законски предлози, online обуки, вебинари итн. Обуките ќе се изведуваат преку излагања, дебати, практични вежби, работа во групи, анализа на домашна и меѓународна пракса и симулации.

### 3.7. Предавачи

Во реализацијата на настаните предвидени со Општата програма учествуваат голем број домашни и странски предавачи, кои овозможуваат успешна реализација на Каталогот за обуки. Најголем дел од домашните експерти се активни судии и јавни обвинители, од сите инстанци, професори на правните и други факултети, но во реализацијата се вклучуваат и претставници на релевантни државни институции и правни експерти од областите на кои се однесуваат настаните како и експерти од определени области од интерес за интердисциплинарен пристап во обработка на темите за континуирана едукација.

### 3.8. Материјали

Со цел изработка на високо квалитетни материјали за обука, предавачите или предавачкиот тим настојуваат материјалите да ги изработат доволно време пред почетокот на обуката, заради нивно навремено дистрибуирање до учесниците по електронски пат или во печатена форма. Материјалите за обука треба да вклучуваат анализи, правни текстови, копии од судски пресуди, анализа на предмети, *PowerPoint* презентации и дополнителни/помошни документи.

### 3.9. Следење и евалуација

Следењето и евалуацијата се од клучна важност за контролата на квалитетот на Општата програма, како и на настаните одржани согласно Каталогот на обуки, изработен врз основа на Општата програма. Од таа причина, Академијата спроведува следење и евалуација на настаните, преку прашалници кои учесниците ги добиваат на секој настан, а се однесуваат на оценување на успешноста на програмата, на предавачите, на материјалите и успешноста на програмата, со можност за давање свои предлози и коментари.

### 3.10. Учење на далечина

Со поддршка од Американската амбасада, Академијата воспостави веб страница на која е поставена платформа за учење на далечина.

Академијата преку системот за електронско учење е-учење овозможува самостојно учење преку компјутер, а до системот за учење на далечина се пристапува преку веб страната на Академијата. Можноста за користење на овој тип учење достапна е за сите судии, јавни обвинители и стручни соработници. Секој поединечно има добиено кориснички привилегии за пристап до системот за електронско учење, а изработени се и Упатства за користење на системот.

Со примената на овој систем за електронско учење ќе се „стандардизира базата на знаење", така што на *online* семинарите во живо ќе можат да се обработуваат

покомплексни теми со интерактивни вежби. Предноста на овој тип учење се состои во прилагодување на времето за обука, финансиската исплатливост, достапноста на обуките за подолг период.

## 4. РЕАЛИЗАЦИЈА НА КОНТИНУИРАНАТА ОБУКА СПОРЕД ЦЕЛНИ ГРУПИ

Академијата настојува да организира фокусирана обука за целните групи. Процесот за оценка на потребите за обука е насочен кон исполнување на конкретните потреби за секоја целна група. Обуките кои внимателно се креирани за да одговорат на конкретните потреби на секоја од категориите на учесници во обуката, се очекува значително да ги зајакнат професионалните квалификации на учесниците и да имаат долготрајни резултати.

При организирањето обука за секоја од целните групи треба да се предвиди потребата за исполнување на задолжителните часови обука, а истовремено и да се понудат и дополнителни обуки на теми од интерес.

Општата програма за континуирана обука се однесува на судиите и јавните обвинители. Сепак, во голем број случаи, а во зависност и од темата на настанот, програмата се однесува и на други целни групи кои имаат интерес и се засегнати од конкретната тема.

Општата програма за 2023 – 2024 година е конструирана на начин со кој се овозможува да се одговори на потребите на целната група во примена на законската регулатива и новините во законодавството.

Во продолжение се приложени општите потреби за обука на секоја од целните групи:

### 4.1. Членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија и Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија

За членовите на Судскиот совет на РСМ и Советот на јавните обвинители на РСМ ќе се организираат тркалезни маси на теми од значење за остварување на законската надлежност на советите, со фокус на постапките за избор и разрешување на судиите/јавните обвинители како и постапките за утврдување на дисциплинска одговорност на судиите/јавните обвинители, менаџирање на судството и обвинителството, статистички анализи за работата на судовите и обвинителствата, но и советувања на теми етика, судир на интереси и други теми од интерес за советите како и курсеви за странски јазици и информатички технологии.

## 4.2. Судии на Врховниот суд на Република Северна Македонија и јавни обвинители во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија

Судиите на Врховниот суд на РСМ и јавните обвинители во Јавното обвинителство на РСМ, претставуваат посебни целни групи за Академијата, па затоа за нив ќе се организираат специјализирани обуки во вид на тркалезни маси, дебати, како и учество на регионалните средби на апелационите судови заради унифицирање на судската пракса. Со обуките се предвидува да бидат опфатени следниве теми:

1. Примена на правото на ЕУ во Република Северна Македонија и праксата на Европскиот суд на правдата;
2. Хармонизација на примената на домашното право и споредба со европското право;
3. Најнова судска пракса и трендови на Европскиот суд за човекови права и примена на стандардите на Судот од домашните судови;
4. Унифицирање на судската/обвинителската пракса;
5. Увид при воздухопловни несреќи
6. Онлајн судења;
7. Сајбер криминал и електронски докази;
8. Меѓуинституционална соработка и меѓусебна електронска поврзаност, потреби и предизвици;
9. Учење на далечина, примена и техники;
10. Тркалезни маси по однос на законски измени.

Судиите на Врховниот суд на РСМ и јавните обвинители во Јавното обвинителство на РСМ ги посетуваат и редовните обуки наменети за судиите и обвинителите.

## 4.3 Судии на апелационите судови

Судиите од апелационите судови претставуваат специјализирана целна група и обуките за нив ќе вклучуваат:

1. Хармонизација и воедначување на судските одлуки
2. Најчести причини за преиначување и укинување на судските одлуки
3. Тркалезни маси за примената на стандардите вградени во пресудите на ЕСЧП, а особено пресудите против РСМ од страна на домашните судови.
4. Проблеми при примена на правото на ЕУ и националната легислатива, усогласена со правото на ЕУ, во Република Северна Македонија

Судиите од апелационите судови може да присуствуваат на обуки за останатите целни групи, кога темата на обуката е релевантна за нивното работење и интереси.

За судиите од апелационите судови ќе се организираат работни средби за усогласување на ставовите по одделни спорни прашања од граѓанската / кривичната област заради воедначување на судската практика.

## 4.4 Јавни обвинители од вишите јавни обвинителства

Јавните обвинители од вишите јавни обвинителства претставуваат специјализирана целна група, кои имаат посебна улога и извршуваат посебни функции, различни од останатите јавни обвинители. Ним исто така им е потребна напредна обука за различни теми од материјалното право. Специјализираните обуки за обвинителите од вишите јавни обвинителства ќе опфаќаат:

1. Хармонизација на обвинителската функција во примената на одделни одредби од материјалното и процесното кривично законодавство низ кривичните предмети во Република Северна Македонија, особено усогласена примена на ЗКП, од првостепените обвинителства
2. Законитоста на доказите кои се предлагаат од страна на странките да бидат изведени во текот на главната расправа, доказите кои можат да се предлагаат во дополнение на доказната постапка, како и на исклучоците од непосредно изведување на доказите кои се предвидени во ЗКП
3. Директно, вкрстено и дополнително испитување, со посебен акцент на дозволеноста на прашањата, приговорите на странките за истите и опсегот на прашањата кои ги поставува судот (досегашната пракса покажува слабости во овој дел на доказната постапка, затоа и понатаму се потребни обуки на оваа тема)
4. Примена на КЗ во делот на правната квалификација на кривичните дела
5. Казнената политика и најчести причини за преиначување и укинување на судските одлуки и најчести жалбени основи
6. Најдобрите практики за јавните обвинители и како да се стандардизира и унапреди нивната функција
7. Меѓународни и европски стандарди за обвинителската функција
8. Соработка со правосудна полиција

Обвинителите од вишите јавни обвинителства може да присуствуваат на обуки за останатите целни групи, кога темата на обуката е релевантна за нивното работење и интереси.

## 4.5 Претседатели на судови и јавни обвинители на јавните обвинителства

Претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства извршуваат важна организациска и оперативна функција во судскиот систем. Специјализираната обука за нив се занимава токму со оваа нивна функција и вклучува:

1. Комуникациски вештини/односи со јавност, управување со интерперсоналните односи во судот - комуницирање со колегите, вработените и со странките, вештина на презентирање на работата на судот / јавното обвинителство
2. Управување со буџетот, спроведување на Законот за извршување на буџетот, улогата на Државниот завод за ревизија, постапување по ревизиските извештаи и Законот за јавни набавки, улогата на Бирото за јавни набавки
3. Електронска достава до странките и другите учесници во постапките и електронско снимање на судските рочишта, употребата на електронски потпис
4. Ефикасно организирање на работата во поглед на функционирање на судот / јавното обвинителство и целосна примена на Судскиот деловник / Правилник за внатрешно работење на јавните обвинителства
5. АКМИС - оперативна работа со системот, утврдени недостатоци, предлози за надминување на проблемите
6. Материјално- финансиско работење на судовите со посебен осврт на правата, обврските и одговорностите на Претседателот на судот
7. Постапување со судски депозити и гаранции во судовите
8. Иземање на судиите според ЗПП и ЗКП и правните становишта на ЕСЧП во примената на членот 6 од ЕКЧП- актуелни прашања и дилеми
9. Справување и менаџирање со заостатокот на предметите
10. Улогата на претседателите на судовите / јавните обвинители на јавните обвинителства во организација на работата на судовите / јавните обвинителства
11. Тркалезни маси по однос на поголеми законски измени
12. Обврските согласно Законот за заштита на лични податоци и Законот за пристап до информации од јавен карактер
13. Употреба на алтернативните начини за решавање на споровите
14. Јакнење на вештините за стратешко планирање, изготвување извештаи, водење статистики и вршење анализи
15. Менаџирање со судот / обвинителството, Изработување статистички анализи за работата на судовите /обвинителствата

## 4.6 Судии и јавни обвинители

Обуката за судиите и јавните обвинители претставува еден од клучните елементи на програмата во која ќе бидат опфатени голем број важни теми. Главните приоритети за следниов период се:

1. Обука за Кривичниот законик и Законот за кривична постапка
2. Обука за новините во граѓанското, трговското и управното право
3. Обука од областа на Правото на Европската унија
4. Обука за примена на Европската Конвенција за човекови права и основни слободи
5. Општи теми за стекнување вештини и практики во работењето на судиите и обвинителите

### 4.6.1 КРИВИЧНО ПРАВО

#### 4.6.1.1 Кривичен законик

Следењето на измените и дополнувањата на Кривичниот законик, кој е ревидиран неколку пати, а покрај тоа, се вршат помали и поголеми измени, е одраз на динамичноста на општествените промени, развој на современиот профил на казнено - правната област и процесот на евроинтеграција на нашата држава, како и со цел исполнување разни обврски од меѓународните комитети кои вршат евалуација и мониторинг на спроведувањето на меѓународните документи ратификувани од страна на РСМ (ГРЕКО, Манивал, УНОДОК и др.). За таа цел, во наредниот период како и досега со двегодишната програма за континуирана обука, приоритет ќе биде даден на сите позначајни измени и новели на Кривичниот законик, почнувајќи од измените на општите одредби, казнената одговорност на правните лица, проширената конфискација, како и сите останати нови казнени дела и измени на законските описи на постојните инкриминации во посебниот дел.

Покрај новините во Кривичниот законик, со оваа двегодишна програма ќе бидат опфатени и сите останати сегменти од општиот и посебниот дел, кои се од особена важност и досега беа предмет на расправа на обуките (алтернативни мерки и мерки на безбедност; противправно стекнување и прикривање имот; конфискација на имот; финансиски истраги; даночно затајување и перење пари; кривични дела против авторските и сродни права, кривично дело измама - разграничување од граѓанско правен однос; измамата - облигационен однос или кривично дело; злоупотреба во корелација со

несовесно работење во службата; кривични дела на поткуп, компјутерски криминал, трговија со луѓе и криумчарење мигранти, семејно насилство, говор на омраза, криминал од омраза, тероризам и финансирање тероризам, заштита на животната средина итн.); понатамукривично дело разбојништво, кривичните дела против здравјето на луѓето со посебен осврт на кривичното дело Несовесно лекување болни и неговите потешки облици; стечајна постапка/сите кривични дела од кривично правен аспект; Злоупотреба на јавните набавки, кривични дела против правосудството ; кривични дела против правниот сообраќај со акцент на фалсификување исправи, стек и продолжено кривично дело, легализација на марихуаната низ призмата на кривичните дела од член 215 и член 216 од Кривичниот законик а во врска со измените на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции; кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот (со практични примери од досегашната судска пракса); Конфискација на имот и привремени мерки за обезбедување на имот; Кривично дело Бесправно градење( со практични примери); Јавни набавки и кривични дела во врска со нив; кривични дела против животот и телото при вршење на семејно насилство; Кривични дела од Глава 26 од КЗ; Кривични дела против половата слобода и половиот морал каде оштетената жртва е дете; Кривично дело Попречување на правдата; Психолошко семејно насилство; Кривични дела на тортура и нечовечко постапување сторени од страна на полициски службеици и припадници на затворска полиција; кривични дела од областа на родово базирано насилство vis a vis Истанбулската конвенција; компјутерски криминал и криминал сторен преку социјалните мрежи; новите измени на КЗ во делот на новинари; Психичко семејно насилство; Финансиски криминал; Меѓуинституционална соработка и меѓусебна електронска поврзаност, потреби и предизвици.

#### 4.6.1.2 Закон за кривична постапка

Новите реформи во кривично - правниот систем во Република Северна Македонија ја зголемуваат потребата за разработување и зајакнување на институтите кои не беа дел од претходниот систем, а кои треба да се совладаат од практичарите, преку соодветни практични обуки за судиите кои работат на кривична материја, јавните обвинители, истовремено вклучувајќи ги и сите останати релевантни учесници и чинители во кривично - правниот систем, кои ги спроведуваат законите во оваа област.
Имено, заради успешна имплементација на Законот за кривична постапка кој започна да се применува од 1 декември 2013 година, од исклучителна важност беше навремена подготовка и обука на сите релевантни субјекти, кои ќе го применуваат истиот, и тоа јавните обвинители, судиите, претставниците на правосудната полиција и адвокатите. Обуките досега беа дизајнирани во неколку посебни модули, согласно клучните измени на ЗКП и според потребите на определени целни групи и нивната цел првенствено беше

практична и се состоеше во стекнување потребни знаења и вештини во правец на оспособување за примена на Законот за кривична постапка и беа базирани на искуствено учење, односно учење низ обиди и со корективни активности. Со оглед дека во изминатиот период Академијата ја спроведе базичната интензивна обука за новиот ЗКП ,обуката по посебни, специјализирани модули за сите судии и јавни обвинители, се стави посебен акцент на досегашното искуство, предностите и слабостите од досегашната примената на новиот ЗКП, а за текот на 2023-2024 година се предвидува да се опфатат следниве теми: Електронски докази- прибавување и изведување; Посебни истражни мерки; Трошоци во кривичната постапка: кој ги надоместува; кои трошоци на бранителите по службена должност се авансираат, а кои не; на чиј товар се трошоците на оштетениот кај ослободителните пресуди, кој ги плаќа трошоците за вештите лица на главна расправа ако се вештаци на одбраната; на чиј товар се трошоците за бранител во постапките против деца кога бранителот е по службена должност, а на чиј кога е бранителот по сопствен избор итн; Увид при воздухопловни несреќи; Сајбер криминал и елктронски докази; Улогата на јавниот обвинител во постапка пред МВР и предистражна постапка; Мерки на претпазливост и нивна практична примена во кривичната постапка; Правата на приватниот тужител, оштетениот и жртвата во кривичната постапка; Испитување на загрозен сведок негова заштита во претходна постапка и на главна расправа, права на одбраната при нивно испитување и испитување на посебно ранливи жртви и сведоци; Постапка за одземање на предмети, конфискација на имот и имотна корист прибавена со кривично дело; Сомнение за даночно казниво работење од аспект на одредбите од Законот за даночна постапка и ЗКП; ЗКП – Мерки на претпазливост и нивна практична примена во кривичната постапка;Онлајн судења; предјавување на оштетено побарување во кривичната постапка; Постапката за предлог за гаранција како мерка наместо притвор, нејзиното прифаќање, со посебен осврт на недвижен имот, каков имот, дали може да се прифати оптоварен имот или имот даден под закуп; разграничување на надлежноста на постапката пред Основниот суд и постапката пред второстепениот суд; Условен отпуст, корелација и примена на одредбите од КЗ со примена на Законот за пробација пред првостепениот суд, прифаќање на мислењата дадени од матичниот воспитувал при донесување на одлуката пред првостепениот и второстепениот суд; докази и изведување на докази.

Особен акцент ќе биде ставен на усовршување на знаењата и вештините на судиите и обвинителите за употреба на новите институти, како оценка на спогодбата за спогодување, вештини за спогодување со одбраната, техники на испитување, воведни и завршни зборови, подготовка на теорија на случајот, подготовка на сведоците за сведочење, употреба на забрзаните постапки со цел намалување на судскиот заостаток,

однесување во судница, во услови на аудио-визуелно снимање, унапредување на вештините на јавно говорење на јавните обвинители.

Предмет на посебна анализа треба да биде целта, начинот на примена и практичните потешкотии во однос на конфискација на имот и имотна корист, проширена конфискација и посебната постапка за конфискација кога постојат фактички или правни пречки за водење кривична постапка.

Интердисциплинарен модул: Ефектите од мерките за замрзнување на имотна корист, имот или предмети заради обезбедување имот во услови на претходни *bona fide* воспоставени стварни права за обезбедување на имотот и во услови на подоцнежно отворена стечајна постапка преку анализа на добра/лоша практика на обвинителствата и судовите.
Замрзнувањето на имотот заради подоцнежна конфискација не смее да засега во стварните права за обезбедување што ги имаат доверителите. Доверителите што полагаат определени прави врз имотот што е предмет на замрзнување, а кои се воспоставени пред започнување на кривичната постапка, не смее да трпат какви било штети додека траат мерките. Решенијата за замрзнување на имот или банкарски сметки мора да содржат јасен, прецизен, целосен и детален диспозитив. Треба да се води сметка, директната последица за правното лице да не биде неспособност/идна неспособност за плаќање, која би довела до создавање на услови за отворање стечај.

Интердисциплинарен модул: Статусни промени на правното лице како облик на одбегнување кривична одговорност (отворање стечајна постапка и бришење на правно лице од Централен регистар) преку анализа на добра/лоша практика на обвинителствата и судовите
Посебен модул: Пробација
Посебен модул: пишување судски одлуки, обвинителни акти и предлози и образлагање на истите, користење и компарирање со пресудите на ЕСЧП.

### 4.6.1.3 Организиран криминал и корупција

Во насока на успешно справување со организираниот криминал и корупцијата, предвидени се обуки наменети за сите органи кои се учесници во превенција и спречување на овој вид криминалитет, пред сé во врска со борбата против економскиот криминал, перење пари и финансирање тероризам, трговија со дрога и психотропни

супстанци, трговија со луѓе и криумчарење мигранти, транснационалниот организиран криминал и меѓународната соработка во прекугранични случаи, како и мерките за заштита на сведоците и соработниците на правдата, облиците на меѓународна правна помош и посебните истражни мерки.
Особен акцент ќе биде ставен на борбата против корупцијата и на казнените дела предвидени во меѓународните конвенции во однос на корупцијата (УНКАК, ОЕЦД, Казнената и цивилната конвенција за корупција со Дополнителниот протокол и тн).

Исто така, особено важна област при спроведувањето на континуираната обука е финансискиот криминал, па така се предвидуваат обуки кои ќе го опфатат делокругот на финансиските истраги.

### 4.6.1.4 Закон за меѓународна соработка во кривичната материја

Со оглед на транснационалноста на криминалитетот како особено важна област за континуирана обука се наметнуваат и законските решенија, имплементацијата и практичните потешкотии поврзани со остварување на облиците на меѓународна соработка во кривичната материја.

### 4.6.1.5 Закон за правда за децата

Во Република Северна Македонија во последните години се посветува сериозно внимание на експлоатацијата и ранливоста на децата на сите форми на злоупотреба, вклучувајќи детска порнографија, детска проституција, трговија со деца и ропство, сексуална експлоатација, злоупотреба и запоставување. Законот за правда за децата предвидува засилена заштита на децата жртви и сведоци на кривични дела преку вградување посебни процесни права.
Процесни гаранции за правата на детето жртва и сведок во кривична постапка се предвидени и со Законот за кривичната постапка (ЗКП). За таа цел, во овој модул на обуки од оваа област ќе бидат покриени сите аспекти на заштитата на децата жртви со цел подобро физичко и психичко закрепнување, рехабилитација, ресоцијализација и социјална реинтеграција на детето кое е жртва на некој облик на занемарување, експлоатација, злоупотреба, мачење, семејно насилство, педофилија, интернет порнографија, трговија или друг облик на свирепо постапување, новите начини на испитување и процесно правните и материјално правните мерки за заштита на децата во постапката; судска пракса - кривични постапки кои се водат за децата во ризик, односно малолетнички предмети во кои се постапува согласно Законот за правда за децата и претходниот Закон за малолетничка правда; специфики при испитување дете – жртва и сведок во кривичната постапка; мерките на процесна заштита согласно Законот за

кривична постапка и Законот за правда за децата; обука од страна на стручни лица за сослушување на деца – жртви; постапка за медијација според Законот за правда за децата; кривични дела против половата слобода и моралот каде оштетена жртва е дете; Конвенција за правата на детето.

### 4.6.1.6. Закон за извршување на санкциите

Овој закон претставува материја што е особено важна за судиите за извршување на санкциите но и за судиите за деца.

### 4.6.1.7 Кривични аспекти во постапката за извршување

Во врска со оваа материја, предвидено е посебен осврт да се даде на кривичните аспекти во постапката за извршување, детектирање на можности за злоупотреба на службено овластување, оштетување туѓи права и други кривични дела поврзани со извршувањето, откривање на доказите и процесуирање на случаите, кривичната одговорност на извршителите, како и извршување на санкции со посебен осврт на извршувањето на воспитни мерк према деца.

### 4.6.1.8 Прекршочна постапка

Во однос на обуките за судиите кои работат прекршочна материја, фокусот ќе биде на Законот за прекршоци од 2019 година и неговата примена во постапката пред судот, како и пред прекршочните комисии и Државната комисија, новините и начинот на одмерување на глобата за правни лица, постапка за порамнување со правни лица, постапка за порамнување во предмет на странци, забрзаните постапки, како и новините во Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата во корелација со Законот за прекршоци и воедначување на казнената политика во однос на сообраќајните прекршоци, а ќе биде опфатена и примената на одредбите на Законот за кривична постапка во прекршочните предмети, прекршочно - правната заштита на правата од интелектуална сопственост, како и постапување по прекршоци против животната средина. Во делот на обуките за Законот за прекршоци, во целост ќе се изврши координирање со прекршочните комисии во поглед на темите на заедничките обуки со судиите за прекршоци. За таа цел, во овој модул на обуки од оваа област ќе бидат покриени аспектите на начинот, условите и водењето на прекршочната постапка.

## 4.6.2 ГРАЃАНСКО ПРАВО

### 4.6.2.1 Материјално право

Со оглед на комплексноста на граѓанското право, бројноста на граѓанско правни односи што ги покрива оваа област на правото и широката лепеза материјални закони кои ги регулираат различните видови граѓанско правни релации, со Општата програма се идентификуваат клучните области од граѓанското право за кои, согласно потребите на судиите, се развиваат специфични тренинг модули во насока на унапредување на практичните вештини на судиите за примена на легислативата, како национална така и меѓународна, вклучително судската пракса на Европскиот суд за човекови права.
Измените на процесното или материјалното законодавство во областите од граѓанското право кои се опфатени со Општата програма ќе бидат предмет на разгледување на тркалезни маси, советувања, работилници како и на работните средби на судиите од граѓанските оддели на апелационите судови што ги организира Академијата.

Во областа на **стварното право**, фокусот е ставен на основите за стекнување и престанок на правото на сопственост, упис на правото на сопственост и заштита на сопственичките права, видови и содржина на тужби за заштита на правата на бесправно изградени објекти, правото на владение и заштита на владението, правото на службеност, видови службеност и нивната заштита, заложното право – примена на Законот за договорен залог со карактеристични случаи од судската практика, стварни права на странски лица, примената на меѓународните договори и конвенции и решавање на споровите со меѓународен елемент, примената на Законот за градежно земјиште и воопшто измените на регулативата во оваа област, службеност- стекнување и заштита, отуѓување на градежно земјиште со непосредна спогодба, отуѓување на градежно земјиште со јавно наддавање, приватизација на градежно земјиштеприватизација и закуп на градежно земјиште, однос меѓу авторското право и право на сопственост, индустриска сопственост, владение и заштита,положба на трети лица што стекнале одредени права врз подвижен и недвижен имот а правата ги влечат само преку еден од брачните другари за кој е утврдено дека имотот е стекнат во брак, со посебен акцент на случаите кога во имотниот лист е прибележана забрана на имателот на имотот, но другиот брачен другар кој нема таква забрана поднесува тужба и бара согласно ЗСДСП да му се утврди дека токму конкретниот имот претставува имот стекнат во брак.

Во делот на **облигационото право**, опфатени се договорот за залог, надомест на штета од неоправдана осуда и незаконито лишувањее од слобода согласно одредбитре од ЗКП, привидни договор, надомест на штета од кучиња-скитници, поништуивање иутдврдувалње на ништовност на договорите, надомест на нематеријална штета и определување на нејзината висина, надомест на штета при вондоговорна и договорна одговорност за штета, прекин на застареност со плаќање на дел од фактура со точно нејзино означување, прекин на застареност кога има плаќање но се работи за законско засметување на пклаќање по старост, отповикување на догово за да р, во ситуација кога е одреден услов но не во самиот договор за дар, туку во посебна изјава, едностано отповикување на претходно дадена изјава и доказната сила на овие изјави, правни средства во судска надлежност поврзани со реализација на правата од залог на движни и недвижни ствари; истот така ќе бидат опфатени и постапките согласно Законот за користење и располагање со ствари во државна сопственост договорот за продажба, договорот за осигурување и регресни побарувања по договорни осигурувања, како и регресно побарување според Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, договор за порамнување, привидни договори, преземање долг, пристапување кон долг и преземање на исполнување, пишманлак, неважноста на договорите, раскинување и поништување на договорите и правните последици, штета, основи за одговорност и надомест на штета, надомест на материјална и нематеријална штета, надомест на штета од вондоговорна одговорност, надомест на штета од професионална дејност, одговорност на државата за надомест на штета според ЗОО, камата, договорна казна, стекнување без основ, застареност, побивање на должниковите правни дејствија по ЗОО, солидарни обврски, спецификите на трговските договори нормирани согласно ЗОО, договорот за доживотна издршка и другите начини на распределба на имотот за време на животот. Сите теми ќе бидат разгледувани од практичен аспект со анализа на случаи од судската практика.

Во областа на **семејното право**, значаен дел заземаат темите за семејното насилство особено мерките за заштита на семејството и жртвите на семејно насилство, потоа имотно правните односи на брачните другари, обука за спроведување на Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство, вршењето на родителското право, ограничување и одземање, издржувањето на брачниот другар, децата, родителите и другите роднини. Посебно внимание ќе се обрне на примена на меѓународните акти и конвенции во семејните спорови, Конвенцијата за заштита на децата, решавање на споровите од областа на семејните односи со меѓународен елемент како и на сослушувањето на деца во граѓанската постапка, во семејните спорови. Предвидено е советувањата од областа на семејното право да имаат интердисциплинарен пристап, со вклучување претставници од сите релевантни

институции кои имаат законски надлежности во делот на заштита на семејството и справувањето со семејното насилство.

Советувањата од областа на **наследното право** со фокус на постапувањето во оставинските предмети од страна на судот и нотарите како повереници на судот со посебен осврт на судските спорови поврзани со законското наследување, нужни наследници, тестаментално наследување, како и форми и видови на тестаменти, поништување на тестамент како и други правни прашања поврзани со наследувањето, наследничките тужби и оставинската постапка.

Во делот на **трудовото право**, фокусот е на договорот за вработување - основни елементи, форма, содржина, склучување, измени и престанување на важноста на договорот; Заштита на правата на учесниците по објавен оглас или конкурс (видови на тужбени барања, судски одлуки и обврски на работодавачот); плата и надоместоци од плата - одредени специфичности со утврдена судска пракса; права и обврски за време на штрајк; престанок на работниот однос; отказ на договорот за вработување; враќање на работник на работа; забрана за отказ поради бременост, раѓање и родителство; надомест на штета од незаконит престанок на работниот однос или повреда при работа; колективни договори; заштита на вработените од вознемирување на работното место (мобинг) - поим и видови, постапка за заштита; судската заштита на правата од работен однос - пракса за спорови од работни односи; како и имплементација на Законот за спречување и заштита од дискриминација, најновите меѓународни документи во оваа област (Европската социјална повелба).

Посебен модул: Граѓанска одговорност за навреда и клевета / Примена на член 10 од ЕКЧП и судската пракса на ЕСЧП. Модулот е наменет исклучиво за судиите кои во прв и втор степен, постапуваат во предмети за граѓанска одговорност за навреда и клевета.
Посебен модул: Утврдување постоење на дискриминација во парнична постапка.

## ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

Советувањата од оваа област ќе се фокусираат на заштитата на трговската марка и видови спорови кои произлегуваат од повреда на заштитена трговска марка, заштита на патент, споредба и интеракција помеѓу жалбениот систем на ЕПО и националните судски системи, надомест на штета и нејзиното утврдување кај трговските марки и кај патентите како и кај авторското право, повреда на правата од индустриска сопственост на интернет и повреда на авторското право и сродните права на социјалните медиуми како и на привремени мерки во споровите за заштита на правата од индустриска сопственост и

авторските права; правни средства за судска заштита на правата од индустриска сопственост, авторското право и другите сродни права; прекин на застареност со плаќање на дел од фактура со точно нејзино означување, прекин на застареност кога има плаќање но се работи за законско засметување за плаќања по старост.

## ТРГОВСКО ПРАВО

Во изминатите години акцентот на обуките од областа на трговското право беше ставен на имплементацијата на новите закони и измените на легислативата од оваа област при што беше применет интердисциплинарен пристап кој овозможи проактивно вклучување на претставниците на Адвокатската комора, Нотарската комора и Комората на извршители како и Комората на стечајни управници, Стопанските комори, но и претставници на бизнис заедницата и државните институции, особено Министерствата за финансии и економија, во детектирање на практичните проблеми при имплементацијата на законите од оваа област.

Во наредните 2 години ќе се продолжи со интердисциплинарниот пристап при организација на советувањата од оваа област при што ќе бидат опфатени измените во регулативата, теми од доменот на статусното право, трговските друштва, стечајот, меѓународните сметководствени стандарди, правните аспекти од работењето со хартии од вредност, практичната примена на одредбите од ЗТД и Законот за хартии од вредност поврзани со акциите и акционерството во РСМ, како и правните аспекти на осигурителниот сектор и банкарското работење.

Притоа, посебно внимание ќе се посвети на финансиските инструменти како докази во трговските спорови, банкарското работење во врска со договорите за кредит, престанување на содружничкиот однос (истапување - исклучување на содружник), ништовност и побивање одлуки на собрание на акционери и собир на содружници, одговорноста на органите на управување во трговските друштва, големи зделки и зделки со заинтересирана страна, правното позиционирање на трговецот поединец и практичните импликации од неговото егзистирање, побивање правни дејствија од аспект на Законот за стечај и ЗОО.

Особено внимани ќе се посвети на стечајот и стечајната постапка преку следните теми: побивање на правни дејствија на стечаен должник; разлачни излачни доверители; стечаен должник како странка во извршувањето; однос помеѓу стечајот и извршувањето; актуелни прашања поврзани со спроведување на реорганизација на должник според правилата на ЗС; правна регулација помеѓу стечајот и извршувањето- правен третман на прибелешка на налог за извршување врз недвижниот имот на стечајниопт должник(за стечајни и трговски судии).

Во однос на договорите во стопанскиот промет, предмет на посебно разгледување ќе бидат договорот за лизинг, осигурување како и договорот за градење.

Предмет на разгледување ќе бидат и трговските спорови со меѓународен елемент.

### 4.6.2.2 Процесно право

**Парнична постапка**

Обуките за процесното право во изминатиот период главно беа посветени на правилна имплементација на новиот концепт на парничната постапка воведен со Законот за изменување и дополнување на Законот за парнична постапка од 2010, во примена од септември 2011, кој воведе строга процесна дисциплина и редефинирање на улогата на странките и судот во постапката.
Врз основа на спроведената оценка на потребите за натамошна обука во делот на ЗПП, фокусот на советувањата ќе биде на следните теми:

Најновите измени на ЗПП, практични проблеми во врска со имплементацијата на измените; Доказите и изведувањето докази согласно измените на ЗПП со посебен осврт на исправите и документите како доказ во постапката; Обезбедување докази; Записници и тонски запис; Примена на одредбите на ЗПП за достава на писмена со посебен осврт на електронската достава; (вклучително начинот на доставување на писмената во вонсудска постапка пред извршител како и во постапката пред нотар заради воедначување на практиката во однос на личната достава предвидена во ЗПП, Законот за извршување, Закон за нотаријат); Надлежност на судот во РМ и меродавно право што треба да се примени во конкретни случаи според Законот за меѓународно приватно право; Постапка по платен налог; Медијација; Утврдување на вредноста на спорот; Подготвување на главна расправа; Привремени мерки за обезбедување на побарување; Раководење со парничната постапка; Докази и нивно изведување; Писмена изработка на судски одлуки;Трошоци на парничната постапка; Судски платен налог; Постапување по приговор против нотарски и судски платен налог; Преиначување на тужба и тужбено барање, преку истакнување на други барања, без согласност на тужен; Побивање на должникови дејствија во сите ситуации со посебен осврт на расчистување на спорниот момент дали работник кој што нема утврдено парично побарување од работен однос спрема својот работодавец во посебна судкса постапка по основ на плата, прекувремена работа и регреси за годишен одмор, има можност во судска постапка само со еднострано доставување на вештачење да побива должниково правно дејствие на неговиот работодавец преземено со трето лице; Разработување на постапката за определување на паричен надомест за еекспропирано земјиште, дали судот определува вештачење согласно ЗВП или процена согласно Законот за експропријација; Прекин на постапката со посебен осврт на посебните постапки; Пресметување на трошоците на постапката / соодветна примена на одредбите на ЗПП за трошоците во постапката за извршување и

кај нотарските процедури/Примена на Тарифата за награда и надоместок на адвокатите при одлучувањето за трошоците на постапката; Утврдување на висината на надоместокот и примената на Законот за процена и Законот за вештачење во судската постапка; Примена на Законот за судски такси; Почитување на напатствијата на второстепениот суд при повторно одлучување пред првостепениот суд; Допуштеност на ревизијата и постапка по ревизија; Судење во разумен рок; Измените на ЗПП во корелација со Законот за нотаријат и Законот за извршување; Посебен модул: Пишување/образлагање на судски одлуки, користење и компарирање со пресудите на ЕСЧП.

### Вонпарнична постапка

Во однос на примената на Законот за вонпарничната постапка советувањата ќе се фокусираат на постапката за физичка делба, уредување на користење на заеднички предмет, судски депозит, одземање на деловна способност и постапката за експропријација со посебен осврт на утврдување на надоместок за експроприран недвижен имот како и за признавање на странски судски одлуки.

Исто така, ќе се опфатат и темите кои се однесуваат на нотарски платен налог и постапување по приговори против нотарски платен налог; утврдување ништовност на н отаркис акти, како и разгледување на отворени прашања и дилеми во врска во врска со нотарските исправи со извршна клаузула.

### Постапка за обезбедување на побарувањата

Во делот на оваа постапка, советувањата ќе се фокусираат на претходните и привремените мерки за обезбедување на побарувањата со посебен осврт на судската пракса. Исто така опфатени ќе бидат теми во врска со Законот за обезбедување на побарувањата, како што се средства за обезбедување на побарувањата и привремени и претходни мерки, донесување, спроведување и укинување.

### Постапка за извршување

Во однос на оваа постапка ќе бидат опфатени пред се́ новините во Законот за извршување и нивната имплементација во практиката како и темите кои не губат од својата актуелност како извршните исправи и подобноста за извршување, извршни дејствија, потврда за извршност, спроведување на извршување против должник правно лице во стечај, извршување во постапките за физичка делба кога предметот е неделив, постапка за поништување на заклучоци за извршена продажба, постапка по приговор

против неправилности во извршувањето и потребата од воедначување на судската пракса во делот на спроведувањето на надлежностите на претседателите на судовите од одделните апелациони подрачја, постапка по приговор против решение со кое се дозволува извршување, постапка по извршување на одлука за враќање на работник на работа, правозаштитни средства предвидени во ЗИ, постапување по приговори за незаконитости при извршувањето, однос помеѓу извршување и стечај.

## 4.6.3 УПРАВНО ПРАВО

Согласно Законот за управните спорови, управното судство има широк обем на надлежности во рамките на обезбедувањето судска заштита на правата и правните интереси на физичките и правните лица и заради обезбедување на законитоста на актите на органите на државната управа и другите носители на јавни овластувања кога решаваат за правата и обврските во поединечни управни работи како и за актите на тие органи донесени во прекршочна постапка.
Дел од предвидените советувањата од оваа област во наредните 2 години, се фокусирани на теми од делокругот на постапувањето на специјализираните судски оддели во Управниот суд и тие се наменети за судиите од Управниот и Вишиот управен суд кои постапуваат во соодветната материја, додека другиот дел е фокусиран на процедура и прашања од заеднички интерес на судиите без оглед на нивната специјалност.

**4.6.3.1.Согласно потребите на специјализираните судски оддели, ќе се обработат следните теми:**

- Закон за градежно земјиште; Закон за градење;
- Закон за постапување со бесправно изградени објекти; (посебно за огласување на ништовност на урбанистичка согласност и решение за легализација на објект);
- Изборен законик;
- Закон за катастар на недвижности со посебен осврт на брисовните тужби;
- Постапка за запишување во Централен регистар;
- Права од пензиско, инвалидско и здравствено осигурување: Остварување на правото на пензија и видови на пензија; Паричен надомест за остварување на правото за помош и нега на лица;
- Управни спорови од областа на образованието;
- Carински долг и царински прекршоци
- Право на азил;
- Закон за експропријација;

- Закон за денационализација;
- Управно судска заштита на правата од индустриска сопственост;
- Законот за јавните набавки (електронските постапки; негативна референца; и др.)
- Закон за даночна постапка- Проценка на даночна основа/ Даночен грант
- Заштита на личните податоци / Слободен пристап до информации од јавен карактер;
- Судење во разумен рок;
- Закон за прекршоци / Прекршочна постапка пред управното судство;

**4.6.3.2. Заеднички теми:**

- Управни договори;
- Концесиски договори;
- Пишување / Образлагање на судска одлука во управен спор;
- Постапка пред Управниот суд и видови одлуки / Спор на полна јурисдикција;
- Привремени мерки;
- Редовни правни лекови;
- Постапка пред Вишиот управен суд и видови одлуки;
- Вонредни правни средства;
- Повторување на постапката по одлука на ЕСЧП
- Извршување на одлуките на ЕСЧП
- Искуство во врска со примена на Законот за управните спорови;
- Водење на јавна расправа;
- Одлучување по тужби без списи;
- Времени мерки;
- Повторување на постапката пред Виш управен суд.

## 4.6.4 ОПШТИ ТЕМИ

Модулот кој се однесува на општи теми опфаќа разработување теми кои се потребни, актуелни за секојдневното постапување на целната група. Така, во рамките на овој модул ќе се организираат советувања за Постапки и техники за изготвување нормативни акти, Етика, Односи со јавност, Лидерство, Комуникациски способности, Презентациски техники, Јавен настап, Разрешување конфликти, Медијација, Користење на

информатичката технологија заради комуникација со јавноста, Судска психијатрија и судска психологија, Менаџирање со предметите/Управување со времето и стресот, Закон за спречување и заштита од дискриминација, Заштита на животната средина, Превенција на корупција во судството / обвинителството и судир на интереси, Дела од омраза; Препознавање и постапување во случаи на говор на омраза;, Заштита на укажувачите и други социолошки, културолошки теми од значење за развој и унапредување на правосудната професија.

## 4.6.5 ПРАВО НА ЕВРОПСКА УНИЈА И МЕЃУНАРОДНО ПРАВО

Слободите и правата на граѓаните загарантирани со Уставот на Република Северна Македонија, уживаат заштита и со меѓународните договори ратификувани од страна на РСМ, кои се дел од внатрешниот правен поредок. Правото на Европската унија примарно се применува директно од страна на државите-членки, па затоа е особено важно професионалците кои работат во нашето правосудство, во рамки на подготовките на нашата држава за идно зачленување во ЕУ, продлабочено да се запознаат со оваа правна област пред да започнат и практично да ја применуваат. Токму овој факт ја зголемува потребата од вклучување на меѓународното право и правото на ЕУ во програмата за континуирана обука на судиите и јавните обвинители. Овој модул опфаќа обуки на повеќе теми кои се актуелни во меѓународното и европското право, а исто така и во регионалната соработка. Во следниот период, акцент ќе се стави на Примена на правото на ЕУ во Република Северна Македонија и праксата на Европскиот суд на правдата, хармонизација и споредба на европското и домашното право, најнова судска пракса и трендови на Европскиот суд за човекови права.

Со оглед на релевантноста на правото на Европската унија, во следниот две годишен период предвидено е поинтензивно разработување на теми за правото на ЕУ:

- Примена на правото на ЕУ во претпристапниот период - Изворите на правото на ЕУ; Директна и индиректна примена на изворите на правото на ЕУ; Општо за принципите на директен ефект и суprематија на правото на ЕУ во домашните поредоци на земјите – членки; Уставни и законски основи за директна примена на одредбите на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) и другите договори склучени со ЕУ во претпристапниот период; Директна применливост на одредени извори на ЕУ преку упатување од ССА и другите договори склучени со ЕУ; Индиректна примена на изворите на ЕУ: Евро-пријателско (ЕУ-хармонично, ЕУ-конформно) толкување и примена на домашното право во светлото на изворите на

правото на ЕУ; Клаузули во ССА (и други договори склучени со ЕУ) како основ за Евро-пријателско толкување и примена на домашното право; Метод на директна и индиректна примена на изворите на правото на ЕУ: Телеолошки или текстуален - рестриктивен метод;

- Судот на правдата на ЕУ (ЕСП) и неговата пракса а бидејќи правото на ЕУ е директно применливо во државите - членки и компаративната практика на националните судови на земјите – членки.
- Основи на правото на ЕУ во специфични области особено релевантни во тековниот претпристапен период - Право на внатрешниот пазар на ЕУ: слободно движење стоки, лица, услуги и капитал; Право на конкуренција; Право на интелектуална сопственост; Право на јавни набавки; Заштита на потрошувачите; Заштита на човековата околина; Земјоделска политика; Азил и миграција.
- Институциите на ЕУ и начинот на усвојување на одлуките;
- Судска соработка во граѓанска материја; (Меѓународна судска соработка во прекугранични спорови од аспект на правото на ЕУ- регулатива на ЕУ за правото кое се применува на договорните обврски (РИМ 1); регулатива на ЕУ за правото кое се применува на вондоговорните обврски (РИМ 2); Хашка конвенција за меѓународно остварување на правото на издржување на децата со протоколот за меродавно право за обврските за издржување; Конвенција за граѓанските аспекти на меѓународното грабнување на деца; Конвенција за доставување во странство на судски и вонсудски акти во граѓански и трговски работи; Конвенција за надлежност и извршување на пресудите во граѓански и трговски работи;
- Судска соработка во кривична материја;
- Хармонизацијата на законодавството во областа на слобода, безбедност и правда, усвоените правни акти (Директиви, одлуки итн.)
- Повелбата за човекови права на Европската унија која е дел од правото на ЕУ и повикува на ЕКЧП.

Како особено важни, ќе се издвојат следните теми кои ќе бидат обработени:

- Механизми за конфискација и поврат на имот преку меѓународна соработка- примена начленовите 54 и 55 од Конвенцијата на ОН против корупцијата
- Европска конвенција за екстрадиција со протоколите- примена, опфат, проблеми и предизвици- со особен осврт на скратената постапка, правото на азил, екстрадиција на сопствени државјани (улога на суд/ улога на министер)
- Европска конвенција за трансфер на осудени лица со протоколот со посебен осврт на задолжително психијатриско лекување како единствена или споредна казна, правото на азил, предавање на сопствени државјани(улога на суд/улога на министер);

- Пренос на казнени постапки со особен осврт на кој во која фаза, на каков начин се предава гонење кога и што може да се прифати од странство, трошоци на постапување
- Конфискација на имот и имотна корист во предмети од меѓународен карактер со особен осврт на кога се прифаќа, кога се бара, кој за што е надлежен, договор помеѓу државите, начин на распределба и сл.
- Меѓунаордни облици на соработка( ЕВРОПРАВДА, АРО, Европска правосудна мрежа)- како да се искористат за полесна, побрза и поекономична соработка;
- Меѓународен пакт за граѓански и политички права;
- Меѓународна Конвенција против тортура и друг вид на нечовечки и деградирачки третман или казнување;
- Конвенција за правата на детето;
- Конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација;
- Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација на жената.

Предвидените обуки во овој модул се развиени според стратешките препораки за користење на едукативната програма за правото на ЕУ, во однос на соработката со EIPA (European Institute of Public Administration).

## Европска Конвенција за човекови права (ЕКЧП) со Протоколите и праксата на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП)

Основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот се една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија (член 8 од Уставот на РМ). Република Северна Македонија ја има ратификувано Европската конвенција за човекови права и голем дел од нејзините Протоколи, и истите се дел од домашниот правен поредок. Дополнително, ЕКЧП е дел од *acquis communautaire* на Европската унија. Оттука, третманот на темите поврзани со ЕКЧП и нејзините Протоколи, а особено судската пракса на ЕСЧП во обуката на судиите, но и јавните обвинители е од исклучително значење. Ова треба да обезбеди примена на домашното законодавство во согласност со меѓународните стандарди во областа на човековите права, како обврска на државата преземена со ратификувањето на Европската Конвенција за човекови права, преку запознавање и анализа на праксата на ЕСЧП, со посебен осврт на праксата на ЕСЧП во однос на Република Северна Македонија. Последното е особено важно и во контекстот на извршување на пресудите на ЕСЧП како обврска која исто така произлегува од ЕКЧП, пред сé во делот на превенирање на идни

слични повреди на Конвенцијата. Ваквиот пристап е од ислучителна важност во случаите кога повредата на ЕКЧП извира од праксата на домашните инцтитуции. Во контекст на извршувањето на пресудите, но и доследната примена на ЕКЧП од исклучителна важност е разбирањето на постапката, начинот и механизмите за извршување на пресудите на ЕСЧП. Од овој аспект од исклучителна важност е развојот на домашната пракса во однос на повторувањето на домашните постапки по пресуда/одлука на ЕСЧП во предмети против Република Северна Македонија, како релативно нов институт како во домашното законодавтсво, така и во праксата на ЕСЧП. Обуките во оваа смисла би требало да придонесат за правилно насочување и поставување на добри основи на домашната судска пракса во овој сегмент, како во контекст на очекувањата на Комитетот на министри на Советот на Европа, како орган кој врши надзор и следење над извршувањето на пресудите. Конечно, прашањето на доследна примена на стандардите од ЕКЧП од страна на домашните институции зависи како од познавањето на праксата на ЕСЧП, така и од третманот на ЕКЧП и праксата на ЕСЧП во домашното законодавство, како претходно прашање од примарна важност. Заради овие причини примарен фокус ќе се стави на:

1. ЕКЧП како извор на правото во РСМ
2. Правото на живот и забраната за тортура
3. Правото на правична постапка
4. Правото на слобода
5. Слободата на изразување
6. Право на почитување на приватен и семеен живот
7. Забраната за дискриминација (посебен акцент ќе се стави на обуки за дискриминација на припадници на ЛГБТ заедницата и водење ефективна истрага во однос на кривичните дела каде жртви се припадници на ЛГБТ заедницата – со пракса на ЕСЧП)
8. Извршувањето на пресудите и одлуките на ЕСЧП
9. Повторувањето на домашните постапки по пресуда на ЕСЧП

Посебен модул: „Правна аргументација, структура и образложение на пресудите во согласност со практиката на Европскиот суд за човекови права", според курикулумот содржан во Нацрт - Програмата за напредна обука на судии, стручни судски соработници и други целни групи, подготвена во рамки на програмата „Подобрување на квалитетот на правдата во Република Македонија преку градење капацитети за судии и мониторирање на судските реформи" финансиран од Владата на Обединетото Кралство, со поддршка на Британската амбасада во Скопје.

## Обуки за реформа во разузнавачкиот сектор

Во рамки на *Програмата за реформа во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Северна Македонија*, Академијата ќе ја продолжи соработката со ДЦАФ – Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор, во рамките на во делот на поддршка на судскиот систем во Северна Македонија за зајакнување на капацитетот за независен надзор над употребата на инвазивни методи за собирање информации од страна на органите за кривичен прогон и разузнавачките служби. Заедничките програмски активности ќе се фокусираат на развој на можности за обуки специјално дизајнирани за да им овозможат на членовите на правосудството да ги применат релевантните правни критериуми и принципи што произлегуваат од судската практика на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП).

Дел од активностите во Програмата ќе опфатат формирање работни групи за да се идентификуваат процедуралните празнини и недоследностите во меѓуинституционалната соработка, односно практичните празнини и недоследности во комуникацијата меѓу судовите, обвинителствата и органите на кривичниот прогон. Заради согледување на меѓународни искуства во концептуализацијата и имплементирањето на образовни и наставни планови и програми во судската обука, за вработените од Академијата ќе се реализира студиска/работна посета на Шпанските правосудни центри за обука. Во текот на посетата ќе се разменат добрите пракси во инкорпорирањето на темите поврзани со посебните истражни мерки и судската контрола врз нив во обуките за кандидатите за судии и јавни обвинители, но и во континуираните обуки за судиите и јавните обвинители.

Позитивното искуство од спроведените тематски вебинари за имплементација на европски принципи и стандарди во локалната судска пракса, наменети за слушателите во Академијата, ќе продолжат во форма на работилници проследени со дискусии со меѓународни експерти на теми поврзани со важноста на правото на приватност, судски процедури и практики за одобрување на ПИМ и европските принципи и стандарди релевантни за нивна имплементација.

Циклусот регионални судски конференции на теми од значење за Програмата ќе продолжат понатаму. На нив ќе продолжи размената искуства со колегите од земјите од регионот и на учесниците ќе им се овозможи да научат добри практики. Следните регионални судски конференции ќе опфатат теми за начинот на спроведување на континуираните обуки со судии и јавни обвинители и интегрираноста на темата за спроведување на посебните истражни мерки (вклучително и мерките за следење на комуникациите) во едукативните планови и програми во судско-обвинителскиот образовен систем на секоја држава.

## 4.6.6 ОБУКИ ЗА НОВОИЗБРАНИ СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Новоизбраните судии и јавни обвинители поминуваат период на првична интензивна обука во Академијата која е фокусирана на новините во правната регулатива и практичните работни вештини неопходни за извршување на нивните функции. Од нив се очекува дека веќе поседуваат солидно знаење на правната материја, добиено за време на нивното учество во почетната обука. За време на нивната редовна континуирана обука, ќе бидат вклучени во другите обуки за конкретни теми од материјалното и процесно право. Особено ќе се води сметка овие судии и обвинители да поминат задолжителна обука за правото на ЕУ и ЕКЧП од областа на која работат. Посебни обуки ќе бидат организирани за развој на вештините на новоизбраните судии и јавни обвинители за пишување судски одлуки, обвинителни акти и предлози и за образлагање на истите, развој на вештините за правно пребарување, користење и реферирање на пресудите на ЕСЧП, водење на расправата, особено во однос на обвинителите, вештините за воведни и завршни зборови, техники на испитување согласно новиот ЗКП и ЗПП, носење процесни решенија, односи со странките и другите учесници во судницата, односи со правосудната полиција, етика и областа на судир на интереси.

## 4.6.7 ОБУКА НА ОБУЧУВАЧИ

Високите стандарди за ефикасно реализирање на настаните во континуираната обука бараат предавачи со напредни вештини на презентирање. Во насока на подобрување на нивните методологии со цел обезбедување практична, ефикасна и интерактивна обука, како и усовршување на нивните стручни знаења и вештини, предвидено е организирање обуки со кои се обработуваат најважните и клучни вештини и техники на обучувањето, за навремена и квалитетна изработка на наставни материјали, фокусирање на практичниот аспект на обуките, преку користење случаи, вистински или хипотетични, вежби со анализа на пресуди, одлуки, симулации односно техники, анализа на добри и лоши пракси, кои ќе го мотивираат проактивното учество на учесниците.

## 4.6.8 ОБУКА ЗА МЕНТОРИ

Заради усовршување и осовременување на менторската работа, менторите имаат право и обврска да посетуваат специјализирани обуки за ментори во земјава и во странство организирани од Академијата. Тие го реализираат практичниот дел од програмата за

почетна обука, на децентрализирано ниво, па оттука, потребно е да постои стандардизирана постапка за практична обука и обезбедување контрола на квалитетот. Фокусот на овие обуки е развој на вештините на менторирање, односно за пренесување на знаењата и искуството на слушателите, следење на прогресот, како и способност за објективна евалуација на стекнатите знаења и вештини.

## 4.7 ОБУКА ЗА СУДИИ ПОРОТНИЦИ

Согласно законската обврска за задолжително посетување специјализирана обука организирана од Академијата за судии и јавни обвинители согласно член 42 од Законот за судовите („Службен весник на РСМ" број 58/2006, 35/2008, 61/2008, 118/2008, 150/2010, 83/2018, 198/2018, 96/2019) во претстојниот период предвидено е одржување обуки за судиите - поротници, кои ќе бидат опфатени по апелационите региони, согласно можностите, на следните теми:

1. Општи познавања од областа на материјалното граѓанско право
2. Практична примена на ЗПП
3. Организација и надлежност на судовите / Етички кодекс / Судир на интереси / Антикорупциски мерки
4. Општи познавања од областа на материјалното казнено право / казнена политика
5. Практична примена на ЗКП

## 5. СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ

**Целни групи**: Сите судии, јавни обвинители и советници
Обуките за странски јазици континуирано се одржуваат во Академијата за сите заинтересирани претставници на целните групи, во насока на усовршување на познавањата од странски јазик и користење стручна терминологија на странски јазик. И натаму фокусот останува на курсевите по англиски и француски јазик а согласно можностите, ќе бидат изработени модули за електронско учење.

## 6. ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ

**Целни групи**: Сите судии, јавни обвинители, нивни советници и сектор за информатички технологии во судовите и јавните обвинителства
Оваа обука има за цел постојано усовршување за работа со компјутери и за примена на новите информатички технологии, воведување информатичка технологија во работата при заведување на предметите, запознавање на судската и обвинителската пракса преку пристап и работа на интернет, користење електронско учење, правно пребарување.

Согласно Законот за управување со движење на предмети во судовите, се предвидува задолжителна обука за унифицирано и правилно спроведување на автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети.

## 7. СОРАБОТКА СО НАЦИОНАЛНИ И МЕЃУНАРОДНИ ПРОЕКТИ И ПАРТНЕРИ

Во текот на остварувањето на своите активности, заради унапредување на процесот на едукација на судиите и јавните обвинители, Академијата ја продолжува соработката со бројни домашни и меѓународни проекти и партнери.
Академијата е отворена и подготвена за соработка со сите институции и организации кои би можеле да дадат придонес во поглед на квалитетно и ефикасно спроведување на настаните организирани од страна на Академијата.

## 8. СТУДИСКИ ПАТУВАЊА

Во рамките на меѓународната соработка, Академијата останува на воспоставената пракса за вклучување претставници на целните групи на меѓународни конференции, студиски размени и посети, симпозиуми, меѓународни обуки, состаноци, работилници и на сите други облици на меѓународна размена. Сите тие претставуваат можност за професионален развој, размена на искуства, стекнување нови вештини и знаења.

## 9. ПОДГОТОВКА НА КАТАЛОГ НА ОБУКИ

Општата програма за континуирана обука ја олеснува подготовката на годишните каталози на обуките. Овие каталози даваат конкретни информации во врска со темите, датумот и местото на одржување, целната група и организаторот на обуката. Општата програма за континуирана обука, како и распоредите на обуки се доставуваат до судовите, јавните обвинителства, Министерството за правда, Судскиот совет и Советот на јавните обвинители, а истите се објавуваат и на веб страницата на Академијата.

Важно е да се нагласи дека и покрај прецизноста која е потребна при спроведувањето на ОПО и креирањето на наставната содржина, неопходен е и определен степен на флексибилност. Организациите со кои Академијата соработува не секогаш се во можност навремено да ги достават сите информации околу планирањето на обуките. Исто така,

може дополнително да се појават потреби за приоритетни теми за кои Академијата дополнително ќе извести.

## 10. ЗАКЛУЧОК

Општата програма за континуирана обука ги пропишува наставната содржина и рамката за реализација на конкретни настани за обука организирани од страна на Академијата за судии и јавни обвинители. Со програмата се опфатени сите целни групи. Општата програма за континуирана обука е креирана по пат на систематски процес на консултација, кој следи внимателно поставена методологија и вклучува систематска оценка на потребите за обука. Општата цел е да се унапредат професионалните способности на припадниците на правосудството, за тие квалитетно и ефикасно да ги извршуваат своите задачи, така зајакнувајќи го правниот сектор и судскиот систем и промовирајќи национален развој.

Академија за судии и јавни обвинители
„Павел Шатев"
Претседател на Управен одбор

Бодан Лазаревски